# Прилог 5 Официјален допис за прифаќање на алтернативите ALT1C и ALT1B од Општината и Министерството за одбрана

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита
на животна средина и локален економски развој
Број 11-996/5 од 09.12.2020 година
Чучер Сандево

До:
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје

Предмет: Податоци, информации и мислења

Врз основа на Вашето барањето од 07.12.2020 година, за мислење, за потребите на постапка за изработување и одобрување на **Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“ - Скопје (Клучка „Стенковец“), Подделница 2 од км 2+213 до Скопје (клучка „Стенковец“) - Општина Чучер Сандево,** и согласно со добиените нацрт планови во прилог на барањето, за двете траси (ALT1B и ALT1C) ги даваме следните мислења, информации и податоци за проектот:

Општина Чучер-Сандево, Ве известува дека по увид во службената евиденција со која располага, констатирано е дека за наведениот плански опфат, има повеќе постоечки плански и проектни документации, кои во предходниот допис со бр.11-996/3 од 17.11.2020 година Ви ги доставивме како информативни податоци.

По разгледување на доставената документација, Општина Чучер-Сандево констатира дека предвидената траса "ALT1B" не е прифатлива како решение бидејќи при ширењто на урбанизацијата во Општина Чучер Сандево, земена била во предвид трасата на проектот "Гранит 2002", односно делот каде сега се предвидува трасата "ALT1C" и во тој опфат не се издадени локално урбанистички плански документации, земјиштето во тој дел не се трансформирало во градежно земјиште, односно останато е во голем процент необработливо земјоделско земјиште од класа 5 и 6, а со трасата "ALT1B" се навлегува во голем процент на градежно урбнизирано земјиште каде Општината направила голем развој за Индустриската зона Стенковец, но и голем дел останува земјоделско обработливо земјиште, кое што ќе биде прекинато доколку оваа траса биде прифатлива, а истото се утврди и при посетата на терен. Поради горенаведените причини, Општина Чучер Сандево, **не дава согласност за траса "ALT1B"**.

Истотака сакаме да напоменеме дека проценката на градежното земјиште во тој реон ќе биде 3200 денари по м2, односно согласно тарифникот во "Одлуката за утврдување на цени на градежно и земјоделско земјиште на територија на Општина Чучер Сандево" донесена од Советот на Општината на ден 29.12.2014 година, која што цена е наплатена од инвеститорите кои го купиле земјиштето во тој дел и веќе го урбанизирле и дел се во поостапка на урбанизација, а Општината истите ги предвидела во Деталниот урбанистички план за индустриска зона Стенковец, кој што е во фаза на донесување.

Општина Чучер-Сандево **за трасата "ALT1C" дава согласност** за понатаношна разработка на Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце“ - Скопје (Клучка „Стенковец“), Подделница 2 од км 2+213 до Скопје (клучка „Стенковец“) - Општина Чучер Сандево и ја прифаќа во сите сегменти.

Воедно, повторно напоменуваме дека Општина Чучер-Сандево за овој опфат го задолжува инвеститорот при изработка на проектот за инфраструктура, да бидат задржани и да останат во функција сите постоечки локални патишта, регионални патишта, магистрални патишта или за истите да се предвидат соодветни премини и приклучоци, сите водостојни текови да бидат обезбедни за непречен и безбеден проток, кои се на територијата на оштината и истиот да биде доставен на увид и одобрување.

Дополнително напоменуваме дека постоечкиот локален пат, "Качаничко Џаде", на КП 3442 КО Глуво Бразда, кое е од локално значење на општината, мора да остане целосно во фунција.

Напомена: Информацијата се издава да послужи во постапка за прибирање податоци и информации за изработка на Проект за инфраструктура, согласно закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18)

Изработил:
М.Мошев, дна

Location: опш.чучер сандево
Date: 2020-12-09 14:58:50

Општина Чучер Сандево
Градоначалник
Јован Пејковски

Jovan Pejkovski

Digitally signed by Jovan Pejkovski
DN: C=MK, O=Makedonski Telekom, CN=Makedonski Telekom CA, OU=OPShTINA ChUChER SANDEVO: 4030004559674, SERIALNUMBER=CRT3553628 + CN=Jovan Pejkovski
Reason: I am the author of this document
Location: опш.чучер сандево
Date: 2020-12-09 14:59:15
Foxit Reader Version: 9.7.2

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

Дел.бр. 19/2-26/ 48
Датум 11. 12. 2020 год.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Државен секретар

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282561
Факс. (02) 3282102
Сајт: www.mod.gov.mk

ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје
ул. Народен Фронт бр.5/12
1000 Скопје

**Предмет:** Мислење, доставува.-
**Врска:** Ваш акт бр.0302/295/20 од 07.12.2020 година

Во врска со горенаведениот Ваш акт со кој што барате мислење за новопроектираните алтернативи 1В и 1С од автопатот А4, делница ГП „Блаце" – Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 2 од км 2+213 до Скопје (клучка „Стенковец") - Општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека двете предложени варијанти од трасата на автопатот, се проектирани согласно договореното на лице место (посета на полигонот „Стенковец" на 19.11.2020 година на која што присуствуваат и претставници од Армијата) и двете варијанти (Alt1b и Alt1c) се прифатливи за Министерството за одбрана.

Воедно напоменуваме дека без разлика која варијанта ќе биде усвоена, потребно е:
- да се оформи земјен насип по должина на автопатот од страната на автопатот што гледа накај стрелиштето, во висина колку што е највисокото транспортно средство што би се движело по автопатот, а се со цел заштита на патниците и возилата.
- при проектирањето задолжително да се води сметка за сообраќајно поврзување на стрелиштето Стенковец. Истото да биде регулирано со клучка од автопатот или со пристап преку постоечкиот магистрален пат.

Изработил: ппк Роберт Врќакоски
Контролирал: Ивана Белчева, д.и.а.
Одобрил: Арсим Ќоку

**Државен секретар**
**Драган Николиќ**

Копија доставена до (за информирање):
- КМО
- Државен секретар
- ГШ на Армијата

Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

Број 19/2-11/ 178

Датум 30 .07.2021 година

Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје
ул.„Народен Фронт" бр.5/12
1000 Скопје

Министерство за одбрана на
Република Северна Македонија

Сектор за недвижности
Одделение за недвижности

бул. Св.Климент Охридски, бр 15
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282571
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Потврда, доставува,-
Врска: Ваше барање број 0302/295/55 од 05.07.2021 година,-

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, со прилог на ситуација со предвидена траса, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија - Сектор за недвижности - Одделение за недвижности, ја дава следната

ПОТВРДА

За локацијата вцртана во ситуација, а во врска изработување и одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 2 од км 2-213 до Скопје (клучка „Стенковец") Општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека не располагаме со техничка документација за кабелски инсталации.

Со почит,

Изработил: Александар Марковски

СЕКТОР ЗА НЕДВИЖНОСТИ
по овластување на министерката за одбрана
раководител на одделение за недвижности
Ивана Белчева